DDK

АДВОКАТСКО ДРУШТВО

Македонска Асоцијација
на Корпоративни Правници




# „БЕЗБЕДЕН ГРАД “– ПРАВНА АНАЛИЗА, РЕТРОСПЕКТИВА НА ПРИМЕНАТА, ИМПЛИКАЦИИ И НАСОКИ ЗА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

март
2026 година

# „БЕЗБЕДЕН ГРАД “– ПРАВНА АНАЛИЗА, РЕТРОСПЕКТИВА НА ПРИМЕНАТА, ИМПЛИКАЦИИ И НАСОКИ ЗА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

## ЗАКОНСКА РАМКА

Системот Безбеден град не е воспоставен со нов закон, туку истиот е регулиран со измени и дополнувања на неколку веќе постоечки закони и тоа:

- Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата („ЗБСП“)
- Закон за возила („ЗВ“)
- Закон за прекршоци („ЗП“)
- Закон за извршување на санкции („ЗИС“)
- Кривичниот законик („КЗ“)

**Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата** го воведува **записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог** којшто под точно определени услови **може да има сила на извршна исправа или да се смета за барање за поведување на прекршочна постапка**. Заедно со овој образец се воведува и **веродостојна исправа за сторен сообраќаен прекршок** што претставува видео или фото запис на кој јасно се гледа возилото со кое е сторен сообраќајниот прекршок, бројот на регистарската таблица, битните обележја на прекршокот, како и фотографија од лицето кое го управува возилото, доколку е регистрирана со технички уред, кој претставува доказ во прекршочната постапка што се води против сторители на сообраќајни прекршоци.

**Законот за возила**, ги дополнува задолжителните **податоците за сопственик на возила - телефонски број на мобилен телефон и електронска адреса**, кои се регистрираат при регистрација на возилото, а заради потребата од доставување на записниците за сторени сообраќајни прекршоци. **Промената на овие податоци мора да се ажурира најдоцна во рок од три дена**, а во спротивно сопственикот - физичко лице се соочува со прекршок за кој е предвидена глоба од 100 евра, односно глоба во ранг од 50,00 ЕУР до 10.000,00 ЕУР за правно лице - сопственик на возилото, како и глоба во износ од 500,00 за одговорното лице во правното лице.

**Законот за прекршоци** воведува **нов начин на достава на записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог** (преку СМС порака или е-пошта до претходно доставениот број на мобилен телефон или е-маил адреса). Дополнително законот **предвидува можност за прифаќање и неприфаќање на одговорност** кои понатаму водат до различни постапки и последици – образложени подолу во текстот.

**Законот за извршување на санкции** предвидува дека **забраната за управување со моторно возило, како и престанокот на важење на возачката дозвола наместо само со пресуда (како досега), може да се изречат и со носење на решение.** Запишувањето на забраната за управување со моторно возило или престанокот во евиденцијатата на МНР, како и известување

до осудениот, ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за прекршоци (како погоре објаснето).

**Кривичниот законик** воведува задолжително изрекување на **казна-забрана на управување со моторно возило во траење од шест месеци до 10 години**, за одредени кривични дела поврзани со сообраќајот (загрозување на безбедноста на сообраќајот; безобзирно управување со моторно возило; и тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот). Како новина се предвидува и одземање на моторното возило со кое е сторено делото, ако е во сопственост на сторителот кој немал право да управува или ако е во сопственост на трето лице, кога тоа знаело или било должно да знае дека сторителот немал право да управува со возилото со кое се извршени кривичните дела: загрозување на безбедноста на сообраќајот; безобзирно управување со моторно возило и тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ВИНА ЗА ТРЕТО ЛИЦЕ

Како посебна новина која ја воведува Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е **забраната за преземање вина за трето лице**. Ова е суштествен инструмент на системот Безбеден град  кој треба да овозможи да се одбегне прикривањето на вистинскиот сторител, со оглед дека основната цел на системот Безбеден град е идентификување на сторител, санкционирање со цел превентивно да се влијае на поведението на сторителот, односно истиот да се одврати од повторување на прекршокот и крајно да се обезбеди поголем степен на безбедност во сообраќајот на патиштата.

- Сопственикот, односно носителот на правото на користење на возило или друго лице, **не смее да прифати вина за сторен прекршок на сметка на друго лице**, кога очигледно од електронскиот запис за прекршокот јасно може да се утврди сторителот на прекршокот, а во спротивно одговара за прекршок по член 317-а ЗБСП, со глоба од 500,00 евра.
- Ова би значело дека правното лице, било да е сопственик или корисник на возило (на пр. возило под лизинг), не смее да преземе одговорност за физичко лице – сторител на прекршокот.  Во пракса постои склоност, правните лица да ги плаќаат глобите за своите вработени – кои ги управуваат службените возилата со кои е сторен прекршок, како поедноставна опција со помалку административен товар, но таквото постапување не води до откривање на сторителот, ниту до санкционирање на сторителот, без оглед што правното лице може да ја наплати глобата од вработениот по пат на задршка од плата, сепак тоа лице за системот Безбеден град нема да биде познато како сторител на фактичкиот прекршок.

## НАЈЧЕСТИ ПРЕКРШОЦИ КОИ ГИ ДЕТЕКТИРА „БЕЗБЕДЕН ГРАД“

Безбеден град во досегашната пракса најчесто автоматски ги детектира следните прекршоци:

- брзо возење
- минување на црвено светло
- управување со возило кое не е регистрирано

Но, опсегот не е ограничен само на горенаведените прекршоци – фото/видео доказот може да се користи за други прекршоци уредени според ЗБСП. Да се има во предвид дека видео записот не го генерираат само фиксно поставените камери на сообраќајниците и автопатите, туку и специјално опремени возила со техничка опрема за видео надзор кои исто така се дел од Безбеден град и автоматски може да детектираат прекршоци и од страна на возила кои не се вклучени во сообраќајот во моментот на видео записот, како на пример погрешно паркирани возила.

Видно од досегашната пракса, системот детектира и **погрешно престројување на крстосница** (незаземање на положба на онаа сообраќајна лента по која задолжително треба да помине низ крстосницата), што укажува дека **не е исклучена можноста службите на МВР да вршат мануелна анализа на видео записите и да генерираат записници за потенцијални прекршоци** кои самиот систем Безбеден град не ги детектира автоматски (како брзо возење, поминување на црвено). Како резултат на наведеното, често се случува записниците, особено за вакви прекршоци, да се испраќаат и после неколку недели од датумот на сторување на прекршокот.

## ОДГОВОРНОСТ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА СООБРАЌАЈНИ ПРЕКРШОЦИ

- Безбеден град не воведува одговорност на правни телица за сообраќајни прекршоци за кои и досега не била пропишана одговорност за правно лице и одговорно лице во правното лице. **На пример, за брзо возење, погрешно паркирање, погрешно престројување или поминување на црвено светло, правното лице – сопственик на возилото и одговорното лице не сносат одговорност.** Санкциите, парична глоба и евентуална забрана за управување, и понатаму се само за возачот – сторител (физичко лице). Не постои законска прекршочна одговорност на правното лице за овие прекршоци.
- За **управување на возило со истечена регистрација**, како и досега, правното лице и одговорното лице во правното лице заедно со возачот сносат одговорност согласно Законот за возила.
- Кривичната одговорност за новите инкриминирани дела како што се безобзирно и опасно возење, вклучително и возење без важечка возачка дозвола е предвидена само за возачот – физичко лице, но доколку возилото е сопственост на правно лице сторувањето на кривичното дело може да резултираат со сериозна последица по правното лице – а тоа е одземање на возилото ако возачот немал право да го управува возилото, а правното лице можело или било должно да знае за истото.

## ПРАВНОТО ЛИЦЕ КАКО СОПСТВЕНИК НА ВОЗИЛО НЕМИНОВНО Е ИНВОЛВИРАНО

- И покрај тоа што непосредниот сторител на сообраќајниот прекршок е физичко лице, записникот за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог („записник“) детектиран со системот Безбеден град, првично се издава на име на сопственикот на возилото.
- Ова укажува дека системот Безбеден град нема можност да препознае лице како сторител, барем засега, иако новата формулација за веродостојна исправа за сторен сообраќаен прекршок, вклучува и фото запис - фотографија од лицето кое е сторител на

прекршокот, но сепак таква функционалснот не е препознаена кај постоечката верзија на системот Безбеден град.
- Кога правно лице е сопственик на возилото со кое е сторен прекршокот, записникот првично се издава на име на сопственикот на возилото – правно лице, што би можело да создаде последици за правното лице, доколку не постапи на начините опишани подолу.

## ПРИФАЌАЊЕ ИЛИ НЕПРИФАЌАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ВО РОК ОД 8 ДЕНА ПО ПРИЕМ НА ЗАПИСНИКОТ

*Прифаќање на одговорност – ОПЦИЈА ЗА СТОРИТЕЛОТ*

- Доколку сторителот ја прифаќа одговорноста, во рок од 8 дена од прием на записникот плаќа половина од глобата.
- Доколку сторителот не приговори, ниту пак ја плати глобата во рок од 8 дена, **записникот станува извршна исправа** и глобата се наплаќа присилно.
- ЗБСП опцијата прифаќање на одговорност ја дава на **„сторителот“** (а не на сопственикот на возилото) кој за најголем број од сообраќајните прекршоци може да биде само физичко лице, а не и правно лице, што подразбира дека правното лице не би можело да прифати одговорност кога таква не е пропишана за правно лице, а кое нешто е во корелација со забраната за преземање на вина за трето лице – сторител.

*Неприфаќање одговорност - ОПЦИЈА ЗА СОПСТВЕНИКОТ на возилото*

Физичко лице кое не го управувало возилото во моментот на сторување на прекршокот во рок од 8 дена од прием на записникот треба:

- Лично да се јави во надлежната организациона единица на МВР со возачот што го сторил прекршокот, за да се дадат податоци за возачот (број на мобилен телефон и електронска адреса на возачот) и да се изготви нов записник (со што претходниот записник ќе се стави вон сила); или

- Да се достави изјава заверена на нотар од сторителот со која изјавува прифаќање одговорност и со наведени податоци за конкретниот записник, број на мобилен телефон и електронска адреса на возачот;

Правно лице – сопственик на возилото, во рок од 8 дена од прием на записникот треба:

- Лично (преку овластен претставник) да се јави во надлежната организациона единица на МВР и да приложи патен налог или друг документ за овластување на возачот во времето на сторување на прекршокот.

МВР изготвува нов записник на име на пријавеното лице како лице кое го управувало возилото - сторител, кое понатаму како идентификуван сторител ја има опцијата за прифаќање на одговорност или неприфаќање на одговорност.

*Неприфаќање одговорност - ОПЦИЈА ЗА СТОРИТЕЛОТ*

- Сторителот има можност, доколку не ја прифаќа одговорноста за сторениот прекршок во рок од 8 дена од прием на записникот да го достави записникот (потпишан од негова

страна) до надлежниот суд, со што записникот се смета како барање за поведување на прекршочна постапка.

## ПОСЛЕДИЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СПОРЕД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

*Одземање на возило (кривичен ризик)*

Според измените во Кривичниот законик, новина е одземање на возилото во случај со истото да се сторени следниве кривични дела:

- загрозување на безбедноста на сообраќајот – чл. 297 од КЗ
- безобзирно управување со моторно возило – чл. 297-а од КЗ (вклучително и управување на возило без валидна возачка дозвола)
- тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – чл. 300 од КЗ

Возилото се одзема и во случај да е во сопственост на трето лице кое „***знаело или било должно да знае***“ дека сторителот нема право на управување (нема важечка дозвола).

- Потенцијално сценарио кое ги засега правните лица: Вработен има забрана за управување на моторно возило, но правното лице - работодавецот не е запознаено за таквата забрана на вработениот и го задолжува со службено возило – постои ризик возилото да се одземе од правното лице доколку вработениот го управува службеното возило во периодот додека трае забраната за управување.

## ПРАВНИ ДИЛЕМИ И ПРАЗНИНИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА

Во толкување на законската рамка која го уредува системот Безбеден град, се поставуваат повеќе правни дилеми, меѓу кои особено следните:

- Кога правното лице во рок од 8 дена од прием на записникот нема да го пријави сторителот согласно пропишаната процедура, ниту ќе плати глоба која е пропишана за прекршок за кој одговара само возачот, дали постои основ:
    - глобата сепак да се наплати од правното лице во постапка за присилна наплата? и/или
    - правното лице да биде обвинето за прекршок кој се состои од преземање вина за трето лице?
    - да настапат даночни импликации за правното лице како резултат на наплата на глоба во корист на трето лице?

- Доколку за прекршокот е пропишана и забрана за управување со моторно возило, а правното лице ја плати глобата:
    - Против кого ќе се изрече санкцијата забрана за управување со моторно возило?
    - Дали правното лице ќе биде казнето за преземање вина за трето лице?

- Кога за сообраќаен прекршок е предвидена одговорност за возачот, правно лице и одговорно лице во правно лице (пример: случај со нерегистрирано возило):

    - Дали правното лице треба да пријави кој го управувал возилото, и со тоа ќе се изготви нов записник, а претходниот (на име на правното лице) се става вон сила или остануваат во сила двата записници?
    - Ако правното лице ја плати глобата, не се издава нов записник, дали возачот кој е одговорен лично, ќе избегне санкција?
    - Како ќе се констатира одговорност на одговорното лице во правното лице?

- Дали правното лице може да поведе прекршочна постапка со поднесување на записникот во суд, во случај кога не е пропишана одговорност за правно лице за сообраќајниот прекршок (на пример за поминување крстосница на црвено)?
- Дали правото на управување со моторно возило (возачка дозвола) или правото на регистрација на моторно возило, законски е условено со поседување на е-маил адреса и телефонски број  на мобилен телефон, без кои Безбеден град не е спроведлив? Колку е доволна постоечката  регулатива да ги одбрани овие барања на Безбеден град?

## ПРАКТИЧНИ ПРОБЛЕМИ

- **Лично присуство во МВР - административен и финансиски товар**. Лично присуство на сопственикот во МВР заедно со возачот или со изјава на возачот заверена на нотар – предмет на нотарска такса кога сопственикот е физичко лице, односно дедициран вработен во правно лице да оди во МВР лично со возачот – сторител за секој записник за сторен прекршок со службено возило, а особено кога компанијата располага со голем број на службени возила е административен, но и финансиски предизвик. Дополнително професионалните возачи имаат однапред договорени рути и нивното лично присуство во МВР, може да се одрази на нивната исполнителност на редовните обврски.
- **МВР не издава веднаш нов записник на име на пријавениот возач** - не постои законски рок во кој службеникот е должен да издаде нов записник, па често правното лице или возачот, за да одбегне дополнителни административни обврски и неизвесност за прием на нов записник - одлучува да плати по првично издадениот записник. Во недостиг на соодветни упатства и целосни обуки, службените лица во МВР фаворизираат да се плати глобата па и кога е на правно лице, наместо да се спроведе постапката за издавање на нов записник, со оглед дека изготвувањето на новиот записник исто така бара мануелна работа на службените лица во МВР.
- **Не постои законски рок за издавање на (прва) писмена порака за изрекување санкцијата забрана за управување со моторно возило**, за која МВР треба да достави СМС или е-маил до сторителот. Сторителот кој платил глоба за прекршокот за кој е предвидена санкција – забрана за управување со моторно возило е во неизвесност кога ќе ја добие пораката за стапување во сила на санкцијата, ризикот е уште поголем ако настане технички проблем за прием на пораката со оглед да постои опасност од одземање на возилото во случај на управување без валидна возачка дозвола.
- **Има случаи кога записникот се праќа дури три недели после сторувањето на прекршокот**, па оттука се поставува прашањето и дали снимениот материјал (што според ЗБСП се чува во полицијата 30 дена од настанот, после се уништува, освен доколку е предмет на кривична или прекршочна постапка), ќе остане „зачуван“ додека да му се достави записникот на сторителот и додека истиот евентуално приговара на него што е моментот на отпочнување на прекршочна постапка?

- **Системот не овозможува идентификација на лицето кое и кога извршило промена на телефонскиот број и е-маил адресата**. Поради тоа постои ризик секое лице, со евентуална злоупотреба на одреден документ, да изврши измена на контакт податоците (е-маил адреса и телефон), а друштвото за тоа да не е информирано. Во таков случај постои можност правното лице да не ги добие записниците или другата службена комуникација, при што во системот не се евидентира податок за тоа кое лице ја извршило промената.

## ПРЕДИЗВИЦИ КАЈ ЛИЗИНГ КОМПАНИИТЕ И НИВНИТЕ КЛИЕНТИ

- **Записникот се доставува на лизинг-компанијата (сопственик на возило)**, која не одговара за прекршокот, ниту пак за овластување на возачот вработен кај корисникот на лизинг – правно лице.
- **Лизинг-компаниите мораат да отворат сектор за проследување за секој примен записник**, но постои ризик од пропуштен записник што резултира со губење на право на на приговор/одбрана, но и потенцијална одговорност за лизинг-компанијата.
- Откривањето на вистинските сторители на секој сообраќаен прекршок, за кој лизинг компанијата би добивала известување, би било вистински предизвик, а **се доведува во прашање и заштитата на личните податоци.**
- **Како во реални околности би се применувал членот 317-а од ЗБСП** кога сопственик на возилото би била лизинг компанија? Истото прашање се поставува и за компаниите чија дејност е рент-а-кар?
- Во случај на кривично дело кое како последица има одземање на возилото **- возилото се одзема од лизинг компанијата,** последиците за корисникот и лизинг компанијата и остварување на регресни права од возачот се комплицираат, односно за истото ќе треба да се води соодветна судска постапка.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ

- Јасни и унифицирани упатства за постапување на овластените лица во различни подрачни единици на МВР кои постапуваат во врска со спроведување на системот на Безбеден град. Постојат голем број на различни инструкции, изјави, упатувања за исти фактички ситуации во различни полициски станици, па и од различни полициски службеници во иста станица.
- Исклучително е неопходно да постои функционален дигитален портал за спроведување на системот Безбеден град на дигитален начин како што е и детектирањето на прекршоците, а особено да се овозможи дигитално пријавување на: лице кое го управувало возилото и достава на изјави/патни налози/овластувања и можност за плаќање на глобата електронски, без задолжително вирманско плаќање.
- Предвидување на законски рок за издавање на нов записник за пријавениот сторител при што новиот записник исто би требало да се генерира автоматски и дигитално.
- Директна достава на записници кај корисници на возила по основ на лизинг наместо до сопственици- лизинг компании.
- Прецизен законски рок за стапување во сила на санкција-забрана за управување на моторно возило, кој не е условен со прием на СМС/е-маил туку истек на определен рок од плаќање на глобата или од истек на рокот за приговор на записникот.

- Централизирана евиденција за забрани за управување со автоматско известување на сопственици или корисници на возила во определени случаи.
- Јасна норма за обврски на правно лице во случај на прекршок за кој не е пропишана одговорност за правното лице.
- Јасна норма за прекршоци за кои е предвидена одговорност истовремено и за правно лице, одговорно лице во правното лице и за возачот.
- Прецизирање на непосредни обврски, должности и одговорности на корисник на возило – правно или физичко лице (корисник на лизинг) евидентирано како такво во МВР/сообраќајна дозвола.

## ПРЕПОРАКИ ЗА КОМПАНИИТЕ

- **Интерна политика**: Правилник за користење на службени возила (доделување, евиденција, одговорност, обврски на вработените за известување и ажурирање на информации особено во врска со валидност на возачките дозволи, итн.), запознавање на вработените со политиката, како и обврска за континуирано запознавање со новите правила и за новите вработени.
- **Измена и дополнување на правилниците за дисциплински постапки** со соодветно упатување на правилникот за користење на службени возила; додавање на постапки и последци во случај на повреда на Правилникот за користење на возила.
- **Ажурирање на договорите за вработување** за целосно рефлектирање на воспоставените политики за службени возила и евентуални последици од прекршување на истите и/или склучување на Договори за користење на службено возило за вработените на кои им се даваат возила на постојано користење со јасно предвидена обврска за вработениот веднаш по добивање на забрана за управување на возило да престане да го користи возилото, а во предвид на ризикот од одземање на возилото.
- **Уредна евиденција за задолжување на вработените со службени возила; издавање патни налози и/или писмени овластувања;**
- **Овластувањата за користење на службено возило да содржи податоци за возачка дозвола (рок на важење), е-маил и телефонски број на овластениот корисник**; Јасно наведување дека овластувањето престанува веднаш со престанок на важноста на возачката дозвола.
- **Проверете ги доставените контакт информации во МВР**: избегнете глоба 50–10.000 евра доколку во рок од три дена не сте ги ажурирале податоците за број на мобилен телефон и електронска адреса.
- **Возила на лизинг:** Протокол со лизинг компаниите за начинот на проследување на записниците, одговорност за последиците од недоставување записник и/или оневозможување на корисникот на лизинг да се изјасни за одговорноста во врска со детектираниот прекршок.
- **Мониторинг на изречени санкции:** Редовна проверка на изречените забрани преку увид во евиденцијата што би била достапна преку МВР; водење на интерна база за дозволите на вработените лица (задолжени со службени возила) и нејзино редовно ажурирање.